Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-164/6
21-07-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 164/1 од 14.03.2022 година, поднесена од [redacted] за сторено вознемирување против „Фејсбук" страна [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 21.07.2022 години, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ОТФРЛА** претставката за сторено вознемирување со бр. 08 – 164/1 од 14.03.2022 година, поднесена од [redacted] против „Фејсбук" страна [redacted] **поради неуредност.**

Образложение

На 14.03.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за сторено вознемирување од страна на [redacted] против „Фејсбук" страна „Преземи Одговорност" со арх. бр. 08 – 164/1.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 18.03.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката, во насока што ќе го посочи потенцијалниот дискриминатор против кого ја поднесува претставката и неговите податоци.

Подносителот на претставката ја извести Комисијата дека не располага со податоци за потенцијалниот дискриминатор, односно администраторот на „Фејсбук" страната [redacted].

Дополнително, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со барање за информации се обрати до Единица за економски и компјутерски криминал при Сектор за внатрешни работи Скопје. Во одговорот беше наведено дека МВР на РСМ нема технички можности за утврдување на администраторот на страната, а таквата информација може да се добие единствено преку поднесено барање за податоци од страна на надлежно Јавно обвинителство до компанијата "Meta Platforms Ireland Ltd".

Од горенаведеното произлегува дека претставката со бр. 08 – 164/1 од 14.03.2022 година не ги содржи задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
21.07.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- Здружение за сексуални и родови малцинства „Субверзивен Фронт" со адреса на бул. Кузман Јосифовски Питу 19/5-28, 1000 Скопје